**20241722984**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 206 став (1) алинеја 12 од Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија" бр.42/14, 116/14, 33/15, 5/16, 127/16, 142/16, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.108/19, 275/19, 110/21 и 89/22), министерот за внатрешни работи, донесе

## РЕШЕНИЕ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЦЕНИТЕ НА ОБРАСЦИТЕ ШТО ГИ ИЗДАВА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

I. Во Решението за цените на обрасците што ги издава Министерството за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија" бр. 48/15, 190/17 и 26/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 187/21, 204/22, 264/23, 2/24, 26/24 и 37/24), во дел I по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Цената на образецот наведен во дел I точка 1 од ова решение, изнесува 930 денари ако по барање на граѓанинот се издава најдоцна во рок од два работни дена од денот на поднесување на барањето за издавање на лична карта, во случај кога нема промена на живеалиште или адреса на стан.".

Ставовите 2, 3, 4, 5 и 6 стануваат ставови 3, 4, 5, 6 и 7.

II. Ова решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 13.1.1-86723/1
15 август 2024 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Панче Тошковски,** с.р.